ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса Македонија бб, 1000 Скопје
Тел 02 3289 092
Централа 02 3289 000
Факс 02 3289 009
Е-пошта info@fzo.org.mk

Број: 15-2916/1
Дата: 16.02.2018

До:
- **СИТЕ ПЗУ ОРДИНАЦИИ**
- **Лекарската Комора на Македонија**
- **Стоматолошката Комора на Македонија**
- **Здружението на приватни лекари на РМ**

**Предмет: ИЗВЕСТУВАЊЕ СО ЗАДОЛЖУВАЊЕ**

Почитувани,
По добиени поплаки од повеќе осигуреници на Фондот и по добиени информации и од страна на вработени во ПЗУ аптеки со договор со Фондот, ви се обраќаме во врска со пропишувањето на лекови на рецепт на товар на ФЗОМ со цел повторно да укажеме на одредени пропусти за нивна корекција со понатамошното работење на избраните лекари, во насока на негување на добрите деловни односи со Фондот.

Лекарите имаат должност и обврска да ги почитуваат законските прописи и договорните одредби за условите под кои тие можат да даваат здравствени услуги и можат да пропишуваат лекови на рецепт од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот која е подзаконски акт.

Според добиените сознанија, имало повеќе пропусти и неправилности во пропишувањето на лекови на рецепт од примарната позитивна листа, како што се:

- Фондовскиот образец за пропишување на лек се користел за пропишување на лекови кои не паѓаат на товар на ФЗОМ,
- Лекари пропишувале лекови на рецепт на товар на Фондот без да го проверат и почитуваат режимот и индикациите дадени во Листата на лекови кои паѓаат на товар на ФЗОМ,
- Лекар пропишувал одеднаш повеќе рецепти за лекови на товар на Фондот со кои се надминувала максималната доза односно количината за одреден лек за потребна терапија за осигуреник.
  На пример: Едно пакување на лек кое е доволно за терапија во период од 2 месеци, избраниот лекар треба да ја пропише на 1 рецепт за двата месеци, а не по еден рецепт за секој месец за истиот лек за терапија.
- Во ординации се вршел препис на рецепти или издавање на нови рецепти за истата медикаментозна терапија за истиот месец за кој претходно биле издадени рецепти,
- Избрани лекари пропишувале лекови за лица кои не се регистрирани како нивни прикрепени осигуреници,
- Лекари пропишувале истовремено повеќе лекови на рецепт за исти индикации за ист пациент,
- Лекари не им даваат информации на осигурениците за тоа кои лекови без доплата им се достапни на рецепт на товар на ФЗОМ,
- Лекари пропишувале непотребно лекови на рецепт по барање на пациент,
- И друго.

ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk
Адреса Македонија 5б, 1000 Скопје
Тел. 02 3289 092
Централа 02 3289 000
Факс 02 3289 009
Е-пошта info@fzo.org.mk

Сите лекари како активни чинители во системот на задолжителното здравствено осигурување мора да имаат во предвид дека со неправилно и нерационално пропишување на лекови на рецепт на товар на ФЗОМ и со недавањето на информации за тоа кои лекови без доплата им се достапни на осигурениците на рецепт на товар на Фондот, се прави штета на Фондот (со реализацијата на рецепти за нерационално пропишана терапија) и се прави штета на наши осигуреници (кога нема да им се издаде лек на рецепт на товар на Фондот без доплата или зошто рецептот не бил правилно пропишан и не е во согласност со законските прописи).

Дополнително, заради горенаведените ситуации и други слични неправилности, фармацевтите во ПЗУ аптеките се доведуваат во непотребни непријатни ситуации и губат драгоцено време кое би можело да го посветат на подобра услуга за осигурениците за што инсистира Фондот.

**Во интерес на осигурениците на Фондот за заштеда на нивните лични финансиски средства, вработените во секоја ПЗУ ординација која има договор со ФЗОМ, исто како и ПЗУ аптеките, задолжително да ги информираат осигурениците за сите лекови (соодветно на нивните индивидуални потреби за лековите по генерика со одредена фармацевтска дозажна форма и јачина) кои ФЗОМ ги обезбедил без никаква потребна доплата од нивна страна, освен задолжителната партиципација** согласно законските прописи.

**Потсетуваме дека без доплата се околу 75% од фондовските лекови за примарна здравствена заштита по генерика со фармацевтска дозажна форма и јачина кои можат да се пропишат на рецепт на товар на Фондот.** Списокот на лекови без доплата е задолжителен за истакнување на видно место во А3 формат и е достапен на веб-страницата на ФЗОМ.

Со цел итно да се надминат и во иднина да се елиминираат сите горенаведени и слични на нив пропусти во работењето на избрани лекари и за да не се доведуваат во незавидна ситуација вработени во ПЗУ аптеки и осигурени лица на Фондот, ги задолжуваме сите **избрани лекари кои имаат договор со ФЗОМ да внимаваат и да работат рационално и согласно законските прописи и договорните одредби, во интерес на поквалитетно остварување на законските права на осигурениците, заштита и рационално користење на финансиските средства со кои располага Фондот за осигурениците и во насока на негување на добри деловни односи со Фондот.**

Со почит,

ВД Директор,
Данаил Дончев

Директор,
Орхан Рамадани
Orhan Ramadani

Изготвил: Кристина Госевска

Одобрил: Кристина Христова

Доставено и до:

- Архива
- Министерството за здравство
- Фармацевтската Комора на Македонија
- Здружението на приватни аптеки на РМ
- Подрачните служби на ФЗОМ
- Сектор за контрола на ФЗОМ